РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-396
18. 12. 2020 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4310/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/6 од 17.12.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, на 2-ри ноември 2020 година, деветтата епизода од играниот серијал „Сибир" беше емитувана во несоодветен временски период од денонoќието и тоа во периодот од 20:47:30 часот до 21:29:25 часот и беше означена со погрешна предупредувачка сигнализација како програма од - Прва категорија (за целата публика), а според класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, епизодата требало да биде означена како програма од – Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години, за која е неопходен надзор од родител или старател и може да се емитува само во периодот од 22:00 часот до 05:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4310/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 25-ти ноември 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2-ри ноември 2020 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Со надзорот е констатирано дека на 2-ри ноември 2020 година, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, деветтата епизода од играниот серијал „Сибир“, беше емитувана во несоодветен временски период од денонoќието и тоа во периодот од 20:47:30 часот до 21:29:25 часот и беше означена со погрешна предупредувачка сигнализација како програма од - Прва категорија (за целата публика), а според класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, пред се затоа што содржи долготрајни секвенции/сцени/глетки со насилство или со последици од насилство, снимени во кадри со крупен план, епизодата требало да биде означена како програма од – Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години, за која е неопходен надзор од родител или старател и може да се емитува само во периодот од 22:00 часот до 05:00 часот, што е спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Според критериумите на Правилникот за заштита на малолетните лица, играниот серијал требало да биде означен како програма од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за публика под 16 години и може да се емитува само во периодот од 22:00 до 05:00 часот.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4310/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово на 27.11.2020 година, испрати Допис Уп1 бр.03-396 од 27.11.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4310/1 од 25.11.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Во предвидениот рок, односно на

07.12.2020 година и 09.12.2020 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово до Агенцијата достави Писмено Изјаснување Уп1 бр.03-394 од 07.12.2020 година, со дополнување Уп1 бр.03-394 од 09.12.2020 година. Советот на Агенцијата на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување со дополнување при што заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/6 од 17.12.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Заменик на Претседателот на Советот,**

**д-р Милаим ФЕТАИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4310/1 од 25.11.2020 година.

**Доставено до:**

-Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
-Управителот на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
-Секторот за правни работи;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО [illegible]

[illegible] директор
за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

25.11.2020

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | 4310 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 ноември 2020 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2020 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

Член [illegible] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2 ноември 2020 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица (*временски периоди за емитување на категориите програми во зависност од очекуваниот состав на публиката*), во периодот на надзор, деветтата епизода од играниот серијал „Сибир“ беше емитувана во несоодветен временски период од денонoќието. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмата од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за публика под 16 години може да се емитува само во периодот од 22:00 до 05:00 часот.

Спротивно на член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (*категоризација на аудиовизуелните програми*), деветтата епизода од играниот серијал „Сибир“ беше и погрешно означена како програма од Прва категорија (*за целата публика*). Според класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, епизодата требало да биде означена како програма од - Четврта категорија, што не се препорачува за деца под 16 години, за која е неопходен надзор од родител или старател.

Серијалот „Сибир“ во целина претставува жанровска мешавина од - *трилер, хорор, симулирано реално-шоу, псевдо-документарец и научна-фантастика* – па врз таа основа треба да биде класификуван како програма од Четврта категорија, да биде означен со предупредувачка сигнализација - „16+“, односно во програмскиот распоред да биде планиран за емитување по 22 часот.

2.11.2020 г.

| **Наслов на емисија** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Сибир“ – играна програма, серијал; | 20:47:30 | 21:29:25 |

*Опис на прекршувањето*:

Деветтата епизода од серијалот „Сибир“ беше несоодветно означена со предупредувачка сигнализација за програма од Прва категорија и емитувана во несоодветен временски период од денонoќието. Пред сѐ затоа што содржи долготрајни секвенци / сцени / глетки со насилство или со последици од насилство, снимени во кадри со крупен план, треба да се класифицира како програма од Четврта категорија „16+“ и да се емитува само во периодот од 22:00 до 05:00 часот.

8. [illegible]

Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, на 2 ноември 2020 година, епизода од играниот серијал „Сибир" беше емитувана во несоодветен временски период од денонокието и означена со погрешна предупредувачка сигнализација за категоријата програма што се прикажува.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***